# КРИТИКИ И ПРИКАЗИ

УДК 338(497.17)(091)+329.73† 949.717.06/.09(049.3)

Ристо ХРИСТОВ

## Д-р Данчо Зографски, ОДБРАНИ ДЕЛА, I — VI, Наша книга, Скопје, 1986

Со излегувањето од печат на „Одбрани дела" во шест книги на акад. проф. д-р Данчо Зографски, во издание на „Наша книга" од Скопје, македонската историографија и научна мисла збогатена е со ново капитално дело од трајна вредност.

За основните проблеми што се третираат во шесте книги се добива јасна претстава од нивните наслови: 1. Економско-историски огледи; 2. Зародувањето на капитализмот во Македонија; 3. Македонското работничко и социјалистичко движење; 4. Македонското национално движење; 5. Комунистичкото движење и НОБ во Македонија; 6. Македонското прашање и историските распаќа и великани.

Научната преокупација на проф. д-р Данчо Зографски, како што може да се види од насловите на шесте книги, е мошне разновидна. Предмет на неговата научна анализа се најзанајчите прашања од стопанската историја на Македонија почнувајќи од зародувањето на капиталистичките елементи и односи, суштинските аспекти на македонското национално движење, процесите и фазите во развитокот на социјалистичко, комунистичкото и работничкото движење, меѓународните аспекти на македонското национално прашање, како и низа други преломни настани и истакнати прогресивни историски личности од револуционерното и национално-ослободителното движење на Македонија.

Најмногу простор во оваа едиција, во која покрај веќе порано публикуваните трудови се поместени и некои досега необјавени прилози, зафаќаат студиите, статиите и огледите од областа на стопанската историја и економско-социјалната проблематика на Македонија. Комплексно, синтетички и доследно од позициите на историскиот материјализам, како органски процес на закономерни општествено-економски преобразувања, изучени и осветлени се најзначајните проблеми и економските развојни процеси од историското минато на македонскиот народ.

Меѓу монографските студии во кои со сета научна задлабоченост е проучено прашањето за зародувањето на капитализмот во Македонија несомнено централно место зазема трудот „Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење". Врз основа на критичка анализа на постојните монографии, трудови и прилози, во кои покрај релевантни факти и укажувања присутни се чувствителни празнини и пропусти поради тоа што нивните автори воопшто не ги консултирале автентичните историски извори или се ограничувале само на одделни документи и тврдења, како и врз основа на исцрпно ползување на расположивите архивски публи-

кации и со опстојни истражувања во домашните и странските архиви, осветлени се сложени процеси на бавното и мачно изместување на феудалниот нат рален начин на стопанисување и на феудалните аграрно-производствени односи од чии пазуви постепено се излачувале новите капиталистички зачетоци и елементи во стопанството на Македонија.

Од стопанската историја на Македонија, почнувајќи од доцниот Среден век па до најнови денови, предмет на издржана научна интерпретација се и редица други суштествени проблеми, процеси и движења. Покрај бројни прашања од стопанскиот живот и развиток на Македонија, во чија економија, иако и забавено, исто така, доаѓале до израз измените и тенденциите на поновиот стопански развиток, соодветно внимание е посветено и на проблемите во врска со економско-финансиската пенетрација на големите сили на Балканот и во Македонија и на политичко-дипломатските интереси, интриги и настојувања на големите сили и на балканските владеачки и деловни кругови за стопанско потчинување и користење на Македонија и за постигнување на подалекусежни политички цели.

Повеќе трудови, како што веќе беше подвлечено, се оснесуваат на македонското социјалистичко и работничко движење. Меѓу нив доминираат студиите „Македонските социјалисти спрема националното прашање на својот народ“ и „Југословенските социјалисти за македонското прашање“. Разоткривајќи ја економско-социјалната основа на македонското национално движење, авторот ги идентификува и посочува главните социјални групации и општествени сили и носители на националното движење и преобразба, утврдувајќи ги едновремено нивната национално-политичка ориентација.

Како и во случајот на стопанската проблематика, така и при истражувањето на националноослободителната борба на македонскиот народ очигледни се напорите на авторот континуирано да ги следи главните фази и карактеристики на ослободителната борба на македонскиот народ за национална слобода и сопствена држава. Таа борба, која траела речиси цел век, а започнала во периодот на крупните превирања во Македонија како последица на навлегувањето на капиталистичките елементи, беше крунисана со решенија на АСНОМ и другите државно-правни акти на новосоздадената Југословенска федеративна заедница.

Проникнувајќи во законитостите на општествениот развиток и поаѓајќи од економските процеси и преобразувања како основа на вкупните историско-политички движења и збиднувања, авторот успешно, задлабочено и со издржана марксистика анализа ги иследува третираните проблеми, укажувајќи на сета разнообразност и специфичност којашто неизбежно доаѓала до израз во општествено-економскиот и политичкиот развиток на Македонија. Поради тоа секое натамошно аналитичко продлабочување на одделни прашања од социјално-економската и политичката историографска тематика на Македонија не ќе може да ги заобиколи трудовите на проф. д-р Данчо Зографски.

„Одбраните дела“ на проф. д-р Данчо Зографски, со својот објективен, егзактно-научен и комплексен пристап во изучувањето на историското минато на македонскиот народ, неоспорно значат афирмација на македонската историографија и научна мисла и ќе преставуваат нов поттик за натамошни истражувања на сложените и неиследени историски прашања и процеси и за правилно согледување на објективните законитости, движечките сили на општествениот развиток, врските и условеноста на историските процеси и нивните надворешни манифестации.

Едицијата ги опфаќа трудовите на проф. д-р Данчо Зографски создадени во текот на изминатите четири децении од неговата плодна научно-истражувачка работа. За сето тоа време неговите

научни трудови значеа ширење на вистината за историското минато на македонскиот народ. Публикувањето на едно место на неговите бројни трудови, кои зафаќаат околу три и пол илјади страници, претставува за сите заинтересирани нова можност да ги спознаат објективните историски процеси, настани и афирмација на македонската нација, но едновремено и со настојувањата за искривување на историската вистина, фалсификувањето на историографијата и присвојувањето на историјата на македонскиот народ.

Посебна вредност и значење „Одбраните дела“ на проф. д-р Данчо Зографски имаат и поради тоа што сите негови истражувања се потпираат врз богата и солидна архивска документација, бројни официјални акти, статистички публикации и исцрпана литература. Покрај опстојните истражувања во соодветните фондови при архивите во земјата, исцрпни истражувања тој вршел и во архивите во Виена, Бон, Потсдам и Лондон.

Со отпечатувањето на „Одбраните дела“ на проф. д-р Данчо Зографски, меѓу кои повеќе студии беа исцрпени и покрај тоа што доживеаја повеќе изданија, македонската историографија и научна мисла збогатена е со еден научен опус којшто се наоѓа на самиот врв на научните и творечките постигнувања на нашата наука, додека нивниот автор, проф. д-р Данчо Зографски, го наредуваат меѓу најкомплетните и најкомпетентните истражувачи на историското минато на македонскиот народ и меѓу класиците на македонската историографија.

Ристо ХРИСТОВ

УДК. 323.1: 329.733 + 325.83 + 949.717.06 „1904/1908“ (049.3)

**Манол Пандевски, МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДЕЛО ВО XIX И XX ВЕК, I—IV, Мисла, Скопје, 1987**

Продолжувајќи ја зацртаната програма за објавување на капитални дела од македонската историографија, угледното скопско книгоиздателство „Мисла“, во почетокот на 1987 година, ги публикува „Избраните дела“ на еден од најдобрите и најтемелните македонски историчари, акад. Манол Пандевски, во пет книги.

Македонското облободително дело во XIX и XX век всушност е суштествената карактеристика и творечката ангажираност на акад. Манол Пандевски, почнувајќи од почетоците на минатиот век, па сè до нашата современост, обработувајќи ги на мошне студиозен начин сите епохи, периоди и значајни настани во нив. Во овој временски опфат, авторот обработил есенцијални проблеми и прашања од националната историја на македонскиот народ, (и не само тоа), следејќи ги во еден континуиран ôд сите процеси, настани и дејци во нив.

Првиот том од петтомникот ја содржи монографската студија „Националното прашање во македонското ослободително движење (1893—1903)“. Во овој значаен труд авторот врши паралелно следење на две основни компоненти, и тоа: 1. Национално-конститутивните процеси, оживотворувани низ борбата за единство на македонскиот народ како нација во формирање; и 2. Заемните односи помеѓу македонското ослободително движење и народносните групации во тогашна Македонија. Овој тренд авторот продолжува да го следи системно и континуирано навлегувајќи длабоко во порите на мошне сложеното македонско прашање и изнесувајќи на виделина значајни и нови резултати за тој мошне круцијален период кога турската тиранија сè уште ги кршеше кревките фиданки на веќе осознаеното македонско национално бите.

Илинденскиот револуционерен чин, без сомнение, претставува светол настан од енормно значе-